# 04.06.2011г. Нови санкции против прекршителите на изборниот молк и на одредбите за платено политичко рекламирање

**СКОПЈЕ, 4 јуни, 2011** – Советот за радиодифузија (СРД) на денешната седница изрече мерки против радиодифузерите, коишто ги прекршиле законските одредби во покривањето на пред-изборните активности. СРД ќе поведе прекршочни пријави против:

– ТВ Наша, поради издвоени повеќе од 10 минути за платено политичко рекламирање на реален час за еден организатор на изборна кампања;
– ТВ Канал 5, (проширување на прекршочната пријава) поради издвоени повеќе од 10 минути за платено политичко рекламирање на реален час за еден организатор на изборна кампања;
– ТВ Шутел, поради објавување платена политичка програма во посебни информативни емисии;
– ТВ Алб, поради издвоени повеќе од 10 минути за платено политичко рекламирање на реален час за еден организатор на изборна кампања;
– ТВ Сонце, поради неозначено платено политичко рекламирање;

Мониторингот на СРД забележа прекршувања на предизборниот молк кај следните радиодифузери против кои ќе поднесе прекршочни пријави: МТВ1 и ТВ А1.

Исто така, СРД одлучи да им испрати укажувања на радиодифузерите: ТВ А1, ТВ БТР, ТВ Амазон и ТВ Сонце поради други помали пропусти.

Членовите на СРД уште еднаш ги повикуваат радиодифузерите доследно да се придржуваат до законските одредби и да не го

прекршуваат предизборниот молк.